КАРПОШ

неделен Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
23 - 30 септември 2019 Билтен бр. 340

НОВИОТ ДЕТСКИ ПАРК ВО КРИВИ ДОЛ – ВО ФИНАЛНА ФАЗА

Во финална фаза на реализција е детското игралиште во населеното место Криви Дол, во Општина Карпош. Поставени се дел од детските реквизити и урбаната опрема (клупи и корпи за отпадоци).

Дополнително, ќе се постави и осветлување во овој дел од населбата, а овој потег ќе се уреди и хортикултурно. Се предвидува поставување на нови дрвца и садници, со цел да се добие мини парк за рекреација и одмор на сите посетители.

Во ова место, долги години не се инвестираше и делуваше отсечено од урбаното јадро. Во Криви Дол целосно ќе се реконструира и главната улица Новопроектирана улица 4а, која претставува главен пристап до домовите на голем број граѓани.

Во изминатиот период се направија нови детски игралишта во повеќе населби, а тековно се одржуваат и санираат постоечките вакви зони.







МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ЗА ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ ЗА ДОБИВАЊЕ НОВИ ГРАНТОВИ

Зајакнување на капацитетите на лицата кои работат на проектни апликации за добивање грантови, нивно вмрежување и размена на искуства, беше една од темите на работната средба меѓу градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев и претставници од Градот Тиват, Црна Гора.

Двете локални самоуправи имаат континуирана соработка долги години, а традиционалната ликовна колонија во Карпош, на која учествуваат и ученици од Тиват, е причина во посета на Карпош да доаѓаат и претставници од оваа црногорска општина.

На средбата особено се разговараше за можноста да се пренесат повеќе искуства меѓу тимовите на луѓе кои работат на добивање грантови – неповратни средства, особено во делот на заштита на животната средина и енергетската ефикасност.

- Карпош е во тешка финансиска состојба, но наместо да бараме оправдувања користиме голем број на фондови, грантови од меѓународни финансиски институции и организации за реализација на голем број проекти, како што е: Спортско – Адреналинскиот парк, новата градинка во Бардовци, промената на системот на греење на градинката „Пролет“ и училиштето „Аврам Писевски“ и слично. Со сите сили сме насочени кон аплицирање за добивање ваков вид на средства. Имаме тим од млади луѓе кои ревносно и вредно работат на оваа проблематика, но секогаш постои можност за напредок, рече Богоев.



Претставниците од Тиват се осврнаа на актуелните случувања во нивната Општина, оценувајќи ја туристичката сезона како успешна. Се осврнаа и на големиот економски напредок на Тиват во изминатава декада, значајниот број на инвестиции и потребата од квалитетен угостителски кадар за работа во хотелските капацитети.

Присутните се обврзаа на зголемена соработка и во сферата на културата, спортот и туризмот.

На средбата, од Општина Карпош присуствуваше и раководителот на Секторот за поддршка на градоначалник, Душко Бушаровски, помошник раководителката на Секторот за јавни дејности, Гордана Зафировска, консултантатот за економски прашања и туризам при Амбасадата на Црна Гора во Скопје, Татјана Перовиќ Митрова, како и претставниците од Градот Тиват: Дејан Масловар, потпретседател на Општината, Марија Сијерковиќ, задолжена за администрација, Блаженка Пајовиќ, шеф на Кабинет, Дубравка Никчевиќ, Секретаријат за култура и општествени дејности и Јовица Стојковиќ, директот на Управата за инспекциски работи.







УЧЕНИЦИ ОД „НОВА" СЕ ЗАПОЗНААА СО ПРЕДНОСТИТЕ НА „СОЛАРНОТО ДРВО"



Раководителот на Одделението за енергетска ефикасност при Општина Карпош Љупчо Димов,м им одржа предавање за „зелена енергија“ на средношколците од „НОВА“. Презентирајќи им ги бенефитите од „соларното дрво“, кое неодамна беше поставено на кејот на реката Вардар, во близина на Алпинистичката карпа, раководителот Димов, нагласи дека ова „дрво“ всушност работи исклучиво и целосно на обновлива сончева енергија. Учениците беа запознати со начинот на кој е направена конструкцијата, односно им беше нагласено дека соларниот постамент има моќност од два киловати. На „соларното дрво“ , може да се полнат електронски уреди како: мобилни телефони, лаптопи, електрични тротинети и др.

Оваа инвестиција, која е прва во нашата држава, е добиена од проект финансисран од страна на Германското друштво за меѓународна соработка GIZ. Освен „соларното дрво“, преку овој проект, Општина Карпош доби и шест електрични тротинети, кои ќе бидат употребувани од општинската администрација за тековни потреби како ефикасни средства за пократки релации.



ПРАВИЛНО И ОДРЖЛИВО БУЏЕТИРАЊЕ
- БОГОЕВ НА ДВОДНЕВНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ДИЗЕЛДОРФ

Градењето на стратегија за правилно буџетирање и креирање на одржлив и реален буџет, мобилноста на градовите и грижата за животната средина се главните теми на кои се разговара на Шестата конференција за одржлив развој на општините, на која учествува и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, во Дизелдорф, Германија, во организација на LAG – 21 и фондацијата Friedrich Ebert Stiftung.

Градоначалникот Богоев пред присутните говореше за активностите на Карпош и Градот Скопје, во рамки на Европската недела на мобилност, како и за првото „соларно дрво“ во Карпош кое е чекор напред во поттикнувањето на користење алтернативни превозни средства. Начинот на преработка на сувите гранки во Карпош, за потребите на Зоолошката градина – Скопје претставува решение преземено од германските градови, при претходната студиска посета на градоначалникот во Германија (мај 2019).

Советите и предлозите за креирање на одржлив буџет ќе и помогнат на Општина Карпош, особено во периодот кој претстои во создавањето на новите буџетски програми за 2020 година. Имајќи ја предвид финансиската состојба на Општината, градоначалникот и администрацијата се стремат да создадат буџет кој ќе одговори на потребите на граѓаните, ќе ги опфати најгорливите проблеми, без да се создаваат нови долгови.

На конференцијата учествуваат повеќе од 100 претставници, носители на јавни функции, административни службеници и претставници од граѓанскиот сектор.

Свои презентации имаат и членови од Комитетот на регионите, советодавно тело на ЕУ кое се состои од претставници од регионални и локални власти на земјите – членки. Тие споделуваат позитивни практики за урбаната мобилност и транспорт во градовите.

Силни општини се главен предуслов за силна Европа. Низ оваа максима се одвиваат голем дел од дискусиите, ставајќи акцент на потребата од зголемена поддршка на локалните самоуправи и нивна самостојност во извршувањето на надлежностите.





ЗЛАТО И СРЕБРО ЗА КАРПОШОВИТЕ АДМИНИСТРАТИВЦИ НА СИНДИКАЛНИТЕ ИГРИ НА ЈИЕ



На дванаесеттите спортско-рекреативни игри и средби на Синдикатите од Југоисточна Европа, кои се одиграа од 19 – 22 септември во Кладово, Република Србија, ученисничката од Општина Карпош Александра Велковска, го освои златниот медал во пливање, категорија краул – жени. Во едно динамично и докрај неизвесно натрепварување, Александра заедно со Кристина Николовска од Град Скопје, стигнаа први до целта, испливувајќи 36 метри, за време од 23 секунди и се закитија со златниот медал. Во натпреварувањето во пинг-понг Саша Романов, исто така од нашата локална самоуправа, и Ненад Бошев од Државен инспекторат за земјоделство, заедно, во тандем, го освоија сребрениот медал.

Членовите на Синдикатот на работниците од Управата, правосудните органи, и здруженија на граѓани на Република Македонија ги освоија следниве медали: кошарка (трето место), баскет-жени (второ место), пинг-понг (мажи) – второ место, пливање (жени) – прво место, и шах – трето место.

Натпреварувањата се одиграа во фер и спортска атмосфера, а следните синдикални игри ќе бидат организирани од Синдикатот на управата на Република Српска, Босна и Херцеговина.

ОДОБРЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПРОЕКТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

На 27.седница на Советот на Општина Карпош, членовите на Советот дадоа согласност за објавување на Јавен повик за изработка и реализација на проекти од областа на заштитата на животната средина и природата, и енергетската ефикасност. Всушност, станува збор за 1,5 милиони денари, буџетски пари од Општината, за кои ќе може да аплицирааат граѓански здруженија со предлог проекти од областа на животната средина и енергетската ефикасност. Комисијата која ќе ги оценува и одобрува проектите, ќе биде составена од членови на Советот од советничките групи од власта и од опозицијата, како и од претставници од општинската администрација.

Советниците ја прифатија Предлог-одлуката за доделување финансиски средства како помош за санација на дел од опожарена куќа на Сашо Зиковски, а, исто така, одобрија финансиски средства за лекување на Младен Ивановски.

На седницата, се прифати и Одлуката за давање на согласност за потпишување на Меморандум за соработка во областа на енергетската ефикасност во домувањето со Здружението за хумано домување „ Хабитат Македонија“.

Беа изгласани и Годишните планови за вработување во 2020 година, во три детски градинки кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош: „ Мајски Цвет“, „ Пролет“ и „ Распеана младост“.

Предлогот – решението за давање согласност за на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2020 година во десетте основни училишта : ООУ „ Аврам Писевски“ , „ Братство “, „ Владо Тасевски“, „ Петар Поп Арсов“, „ Јан Амос Коменски“, како и „ Вера Цировири-Трена“, „ Христијан Тодоровски- Карпош“, „ Лазо Трповски “ , Димо Хаџи Димов“ и „ Војдан Чернодрински “, исто така доби „ виза “ од советниците на Карпош.

На седницата се одлучи да се одобри финансиска поддршка за воспоставување и одржување на советувалишен центар за жртви на семејно насилство чиј предлагач е Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Скопје.

МААЛСКА СРЕДБА ВО КОЗЛЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА

Граѓаните на урбаните заедници „Кузман Јосифовски- Питу“ и „Пецо Божиновски – Кочо“ имаа маалска средба со претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев, членот на Советот Зејнел – Савко Куч, претставници од Полициската станица „Карпош“ и претставници од општинската администрација. Тема на средбата, која се одржа веднаш до ООУ „ Владо Тасевски“ и градинката „Пролет“, беше зголемување на безбедноста во овој дел од Општината. Како што нагласи и претседателот на Советот Андреј Манолев, еден од најголемите приоритети на градоначалникот Стефан Богоев и целото раководство на локалната самоуправа е токму безбедноста на карпошани.

- Знам дека во близина се наоѓа улицата „Козле“ која е доста прометна сообраќајница, и по која се вози брзо. Помеѓу „Трговскиот“ во населбата Козле и бензиската станица „Макпетрол“ поставивме хоризонтална сигнализација – платформа со која се забавува брзината на возилата кои сообраќаат токму по оваа улица која го поврзува населеното место Нерези со Општина Центар. Всушност целта ни е, максимално да се зголеми безбедноста на основците од ООУ „Владо Тасевски “ и дечињата од градинката „ Пролет“, кои учат во овие образовни установи и секојдневно ја поминуваат оваа сообраќајница. Од друга страна, на ул. Теодосиј Гологанов (поранешна Иво Рибар – Лола), оваа година е за повеќе од 100%, зголемена патролата на полицијата, и се изречени санкции. Нашата интенција е да ги превенираме несаканите настани, со акции преку кои ќе ја зголемуваме безбедноста на граѓаните, нагласи претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев.

Претставникот на полицијата потенцираше дека оваа година се примени нововработени полицајци во ПС „Карпош“, со што се зајакнуваат капацитетите на полицијата, и ќе се работи на зголемување на безбедноста на граѓаните од секој можен аспект. Исто така, од ПС „Карпош“ нагласија дека треба да се работи на меѓуинституционална соработка помеѓу сите засегнати страни, и дека треба да се работи на подигнување на свеста кај граѓаните за одговорно и совесно возење. Карпошани, од двете урбани заедници кои ја покриваат територијата на населбите Козле, Трнодол и Жданец, ги изнесуваа своите проблеми со кои се соочуваат од аспект на безбедноста, дискутираа по темата и даваа свои сугестии и предлози за решавање.



ВКЛУЧИ ВНИМАНИЕ, ОСТАВИ МОБИЛЕН



Од оваа учебна година, во сите десет основни училишта на територија на Карпош се спроведува проектот за ограничена употребата на мобилните телефони и електронски уреди во текот на наставата.

Учениците и наставниците, на почетокот на секој час ги оставаат е – уредите во наменски подготвените организатори (џебови), а по завршување на часот мобилниот телефон повторно го земаат. За време на одморите учениците можат слободно да ги користат мобилните телефони.

За начинот на кој се спроведува овој проект, како и за негово доближување до сите страни, денеска се организираше презентација во ООУ „Војдан Чернодрински“, на која присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, како и претставници од Здружението за дислексија „Ајнштајн“ (имплементатори на проектот).

- За ограничувањето на мобилните во текот на наставата, организиравме и повеќе консултативни средби со ученици, наставници и родители, а неодамна се одржа и јавна дебата, каде што за корисноста од овој проект зборуваа и стручни лица, педагози, социолози и комуниколози. Ниту јас ниту Општината не сме против дигитализацијата, напротив, сакаме истата да биде насочена и користена за продуктивни цели. Се грижиме да создаваме генерации кои од училиштето ќе си одат со знаење и нови вештини. На овој начин ќе придонесеме да го намалиме сајбер насилството меѓу младите, да ги поттикнеме да ја користат технологијата за добро, рече Богоев.

Учениците позитивно гледаат на проектот. Низ спонтан разговор со градоначалникот, со претставниците од здружението „Ајнштајн“, посочија дека ги почитуваат правилата и на проектот гледаат како можност да научат повеќе, а дома да имаат повеќе слободно време.

- Направивме истражување кое покажа дека 78 отсто од учениците користат мобилен телефон во текот на наставата. Затоа преземаме акција за лимитирање на употребата на мобилни телефони во наставата, а Општина Карпош е првата локална самоуправа која го имплементира овој проект, посочи Дамјан Николовски, претседател на Здружението за дислексија „Ајнштајн“.

Со цел доследно и целосно спроведување на проектот, училиштата имаат донесено и правилници со кои се регулира употребата на мобилните во наставата, а истите се креирани во соработка со родителите и наставниците.

Сите носиме одговорност во градењето на здрави генерации на ученици, граѓани на нашата општина, град, држава.

Овој проект се спроведува партнерски меѓу Општина Карпош и Здружението за дислексија „Ајнштајн“, а истиот е финансиски поддржан и од Европската Унија.

СТАРТУВАА КАРПОШОВИТЕ УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ЛИГИ 2019/2010



На новото игралиште во ООУ „Христијан Тодоровски – Карпош“, каде што се игра и турнирот „Сокол“, започнаа Училишните спортски лиги – 2019/2020 година. Станува збор за систем на натпреварувања меѓу десетте основни училишта, во текот на целата учебна година, во четири спортови: ракомет, фудбал, кошарка и одбојка.

Овие Училишни спортски лиги ги организира Одделението за спорт при Општина Карпош. Игрите се финансиски поддржани од локалната самоуправа, а примарната цел е да се негува спортскиот дух кај младите и да го развиваат својот талент.

Игралиштето „Сокол“ денеска беше исполнето до последно место. Учениците и нивните наставници по физичко образование со нетрпение ги очекуваат новите натпревари, навивањето на трибините, како и новите другарства меѓу учениците кои се остваруваат, меѓу другото, и преку спортско „вмрежување“ на училиштата.

Градоначалникот Стефан Богоев денеска им посака успешни лиги на учениците и се осврна на големиот број проекти кои ги презема Општината, со цел да се подигне квалитетот во основното образование:

Се наоѓаме на новото игралиште „Сокол“, а започнуваме и со реконструкција на подот во ООУ „Владо Тасевски“. Покрај тековните реконструкции на простории во училишта, се грижиме и за ваш безбеден пречек пред училиштата, работиме на поставување на нови лежечки полицајци, доделивме стипендии за најдобрите ученици – спортисти, а овие денови ќе го објавиме и повикот за доделување стипендии на талентирани ученици.
Во тек е и проектот за ограничување на употребата на мобилните телефони за време на часовите. Се надевам дека учениците од повисоките одделенија нема да се лутат. Но, целта е да научите на час, а да ви остане повеќе време за спорт, дружење, учење на јазици, кафе, маалски живот и слично, рече Богоев.

Како локална самоуправа, продолжуваме секојдневно да го унапредуваме основното образование и да овозможуваме и што повеќе вонучилишни активности за учениците.

РЕКОНСТРУИРАНА Е „ВАРШАВСКА", А ПОСТАВЕНА Е И НОВА ФЕКАЛНА, АТМОСФЕРСКА И ВОДОВОДНА МРЕЖА



Целосно заврши реконструкцијата на улицата „Варшавска“, на потегот од ул. „Париска“ (кружниот тек кај гимназијата „Георги Димитров“) до бул. „8 Септември“, во населбата Тафталиџе 1.

Се обновија и тротоарите долж улицата, за да се обезбеди побезбедно движење за граѓаните. Во овој дел од Карпош се постави и целосно нова фекална, атмосферска и водоводна мрежа, од страна на ЈП Водовод и канализација.

Затоа што овој дел од Општината, во изминатите години беше најпогоден од непланската и агресивна урбанизација се јави потреба од подобрување на севкупната инфраструктура.

На овој начин се обезбедува нормално живеење за околината и решавање на поголем дел од инфраструктурните проблеми кои се јавуваа во изминатиот период.

Општина Карпош продолжува со секојдневното подобрување на инфраструктурата, рамномерно, во сите урбани заедници.

ЕСЕНСКА АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА КАРПОШ И ИНТЕНЗИВНИ ИНСПЕКЦИСКИ КОНТРОЛИ



Во Карпош се спроведува голема есенска акција за чистење. Комуналните служби на локалната самоуправа и ЈП Комунална хигиена – Скопје чистат во повеќе населби, а особено е ставен акцент на миење на главните и сервисни улици со цистерни.

На располагање е механизацијата од ЈП Комунална хигиена, со цел темелно да се исчистат и измијат улиците.

Акцијата почна од платото во Карпош 3 (кај фонтана), каде што градоначалникот Стефан Богоев и помошник директорот на ЈП КХС, Кемал Муслиу дадоа изјави и ја информираа јавноста за оваа акција, но и за следните активности:

Сакам да истакнам дека сме во процес на набавка на две цистерни за миење на улици, еден кипер (со плуг за чистење на снег и распрскувач на сол) и еден рачен вшмукувач за лисја и поситен комунален отпад.

Исто така, околу 10 наши вработени по урбаните заедници, се во процес на добивање на овластување за да бидат редари. Тоа значи да вршат редовни контроли на терен, да казнуваат за неправилно фрлање на отпад, како на физички лица, така и на правни субјекти! Апелирам на зголемена свест и грижа за околината, затоа што инспекциските контроли се интензивираат!

Сите носиме одговорност за здрава и чиста животна средина, рече Богоев.

Помошник директорот Муслиу напомена дека јавното претпријатие ќе продолжи да им помага на општините во секојдневното справување со нечистотата, затворањето на диви депонии и слично. Тој ја поздрави иницијатива на Општината за зголемени контроли на терен и санкција на загадувачите.

„АТОМСКИТЕ МРАВКИ" ПО ДЕВЕТТИ ПАТ ЈА ИСКАЧУВАА КАРПАТА ВО КАРПОШ





На „Алпинистичката карпа“ долж Кејот на реката Вардар викендов , по деветти пат се одржа Балканското првенство за деца во качување на вештачка карпа – „Атомска мравка“. Меѓународната манифестација каде што се натпреварувааа повеќе од 150 деца од седум различни земји, ја организираше Спортско качувачкиот клуб „Карпош“, со поддршка од Општина Карпош, Град Скопје и Македонската спортско качувачка федерација (МСКЧ).


Станува збор за олимписки спорт кој е во подем и во нашата земја. Потврда за тоа е и големиот број на учесници од нашата држава, кои покажаа одлична физичка и психичка подготвеност при искачувањето на карпата.

На настанот присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, кој во оваа пригода напомена дека во октомври ќе започне изведбата на новиот Спортско – Адреналински парк, кој ќе се простира токму на овој потег.

Во рамки на проектот, целосно ќе се реконструира скејт паркот, ќе се санира и вештачката карпа, а просторот дополнително ќе биде збогатен со нови терени за фудбал и одбојка на песок, адреналински дел, детско игралиште, сквер и многу повеќе зеленило. Овој дел ќе биде меѓу најатрактивните спортско – рекреативни зони во нашиот град.

Во разговор со претставниците од МСКЧ, градоначалникот вети дека при санацијата на карпата ќе се земат предвид и нивните стручни забелешки и сугестии, со цел, на вистински начин да се подобрат условите за овој спорт.







„СОКОЛ" ГО ВРАТИ СПОРТСКИОТ И МААЛСКИ ЖИВОТ ВО КАРПОШ







На игралиштето „Сокол“, во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ заврши 17 – то издание на Меморијалниот турнир во мал фудбал „Оливер Соколов – Сокол“.

После пауза од пет години, карпошани и спортската јавност, повторно уживаа во овој едномесечен спортски настан, кој е симбол на маалскиот и меѓугенерациски соживот во Карпош.

Првото место го освои тимот „Гостилница Кај Џек“, второто место припадна на „Андринико“ додека третото место го освоија „Codeart Fox“. Во јуниорскиот дел победи екипата на ФК „Вардар“ кои во финалето го совладаа тимот на ФК „Работнички“.

Меморијалниот турнир се одигра на реконструирано игралиште, а главен покровител беше Општина Карпош.

Пред финалниот меч на турнирот, пред присутните се обрати и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев.

Мило ми е што после пет години го рестартиравме турнирот кој е симбол на маалската дружба во нашиот Карпош. Обновата на игралиштето и на турнирот беше дел и од мојата изборна програма. Честитки до сите учесници кои покажаа спортски дух и фер плеј. Благодарност и до Здружението на граѓаните за организација на турнирот, до сите вклучени спонзори, како и до граѓаните кои живеат во оваа околина и имаа разбирање за спортските активности, рече Богоев.

По завршување на финалето, се доделија и наградите за најдобар голман (Емил Јоцевски – „Андринико“), најдобар млад играч (Димитриј Поповски, „Форца – Толту“) и најдобар играч (Виктор Димков – „Гостилница Кај Џек“).

На овогодинешниот турнир учествуваа 48 екипи од 9 градови. Во изминативе месец дена учество земаа 480 натпреварувачи, беа одиграни 151 натпревар, се постигнаа близу 715 голови, а на трибините беа присутни околу 35.000 гледачи.





